**Институт за општествени и хуманистички науки – Скопје**

**СТУДИИ ОД ВТОР ЦИКЛУС: РОДОВИ СТУДИИ**

**Магистерски труд**

# ВЛИЈАНИЕТО НА ВЛАДИНАТА КАМПАЊА ЗА АБОРТУСОТ СПРОВЕДЕНА ВО ПЕРИОДОТ ОД 2009 ДО 2013 ГОДИНА ВРЗ НАСЕЛЕНИЕТО ОД УРБАНИТЕ ДЕЛОВИ НА СКОПЈЕ

**Кандидатка:** **Виолета Михајловска**

**Ментор:** **Катерина Колозова**

**Скопје, 2018**

**Institute for Social Sciences and Humanities-Skopje**

**GENDER STUDIES**

**Master's Thesis**

# THE INFLUENCE OF THE GOVERNMENT CAMPAIGN FOR ABORTION RELEASED IN THE PERIOD FROM 2009 TO 2013 ON THE POPULATION OF THE URBAN PARTS OF SKOPJE

**Candidate:** **Violeta Mihajlovska**

**Supervisor:** **Katerina Kolozova**

**Skopje, 2018**

Овој труд претставува дел од барањата на програмата на втор циклус универзитетски студии на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, за стекнување научен степен магистер по родови студии

Кандидат(ка):

Виолета Михајловска

Комисија за оценка и одбрана:

1. Проф. д-р Катерина Колозова ментор, ISSHS

2. Проф. д-р Дона Колар-Панов член,ISSHS

3. Доц. д-р Елизабета Бакевска, член, ISSHS

**СОДРЖИНА**

АПСТРАКТ....................6
ABSTRACT....................7
I. ВОВЕДЕН ДЕЛ....................8
1.1. ВОВЕД....................8
1.2. Контекст....................10
II. ТЕОРИСКА РАМКА ....................**Error! Bookmark not defined.**
2.1. Абортус....................11
2.2. Абортусот како метод за прекинување на несакана бременост....................11
2.3. Абортусот низ филозофските дебати....................15
2.4. Абортусот и религијата....................25
2.5. Абортусот низ феминистичка призма....................28
2.6. Правото на абортус во земјите од соседството....................33
2.7. Правото на абортус во Македонија....................37
2.8. Улогата на медимуите во кампања за абортус....................41
III. ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ....................44
3.1. Истражувачка тема....................44
3.2. Основни истражувачки прашања....................45

3.3. Метод на истражување ........................................................................46

3.4. Содржина на видеоспотовите и нивните пораки .....................................46

3.5. Извештај од истражувањето ...................................................................48

IV. ЗАКЛУЧОК..........................................................................................55

V. ПРИЛОЗИ.............................................................................................57

Користена литература.........................................................................57

Анкетен прашалник..............................................................................6

**АПСТРАКТ**

Предметот на овој труд е да истражи и да покаже какви ефекти имаше кампањата за многудетно семејство, односно кампањата против абортусот, која Владата на Република Македонија ја спроведуваше во периодот од 2009 до 2013 година преку медиумите и Јавниот информативен сервис. Целта на авторот на овој труд е да ги документира и да ги објасни ефектите на владините кампањи врз разбирањето на правото на абортус и перцепцијата на чинот на абортусот врз урбаното женско население во главниот град Скопје, поточно во Општина Карпош. Во комбинација со интердисциплинарниот пристап на студиите на медиуми, социолошките методи на теренското истражување и, пред сѐ, приодот на родовите студии, ќе се обидеме да дознаеме дали кампањите имале успех во однос на менувањето на перспективата и воведувањето поконзервативни ставови кај општествените групи, кои вообичаено имаат прогресивни позиции и дали позициите во поглед на прашањето за абортусот во Македонија, општо земено, но, особено меѓу жените и женските активистички групи, се поконзервативни или помалку, и што се итните приоритети на зајакнување на движењето за право на избор?

Клучни зборови: абортус, кампања, право на живот, право на избор, мајчинство, феминизам.

**ABSTRACT**

The subject of this work is to research and show the effects of the campaign for more children per family i.e. anti abortion campaign which was led by the government of The Republic of Macedonia between 2009-2014 through media and public service. The author's aim is to document and explain the effects of the government's campaign on the understanding of the women's right to abortion and the perception of the abortion itself by the urban women living in the capital Skopje, more specifically municipality Karposh.

The interdisciplinary approach of the media studies will try to show weather the campaign was successful in terms of changing the perspectives and introducing more conservative attitudes among society groups that usually have progressive positions and ask the question if Macedonian`s generally speaking  but even more among women and women's activists, are more or less conservative, and what are the main priorities of strengthening the movement about the right to choose?


Key words: abortus, campaign, right to live, right to choice, motherhood, feminism.

# I. ВОВЕДЕН ДЕЛ

## 1.1. Вовед

Абортусот во последниве неколку децении, а особено во последниве неколку години, станува едно од актуелните прашања во поглед на човековиот живот и човековите права, со кое сериозно се занимава широката светска јавност. Прашањето за абортусот и неговата оправданост сѐ повеќе станува тема на длабоки филозофски, етички и медицински дебати и сведоци сме дека се оди од крајност во крајност во обидите секој да го оправда својот став. Притоа, во овој контекст, најчесто се зборува за суштината и за почитувањето на правата, и тоа за човековите права, правата на жената, правата на децата, и многу често ставовите се бранат со силни аргументи, кои немаат вистинска оправданост секогаш. И токму поради фактот што овие дебати се составен дел и од политичките прашања и воопшто од политичкиот дискурс, тие со право имаат и голем ефект врз секојдневниот живот на сите нас.

Познато е дека абортусот како начин на прекинување на несаканата бременост датира од многу одамна. Методите со кои тој се изведувал некогаш и сега драстично се разликуваат, во смисла на медицинската апаратура и заштита на здравјето на жената. Но, целта останува иста. И тогаш и сега. Жената што не сака да роди, едноставно ќе ја прекине бременоста. Зачнувањето се случува во нејзиното тело, прекинувањето на бременоста исто така, значи нејзиното тело претрпува промени и токму затоа таа свесно избира дали ќе раѓа или не.

Но, она што уште го разликува абортусот некогаш и сега е етичката и моралната компонента, што му дава специфична комплексност на прашањето за абортусот,

давајќи му притоа голема важност и внимание во рамки на филозофските и феминистичките дебати. И не само тоа, абортусот претставува општествено прашање, со кое дури и државните институции ширум светот, па и кај нас, многу сериозно се занимаваат. Водени првенствено од сопствената конзервативна и христијанска идеологија, а во одредена мера и од правото на живот како основно човеково право, дефинирано во Конвенцијата за човекови права, како и во државниот Устав, водејќи се притоа и од потребата за водење популистичка политика, која ќе ги третира широките народни маси, Владата на Република Македонија, во 2009 година почна силна медиумска кампања, која, според мои проценки, беше против абортусот. Целта беше да се смени стариот закон, според кој, беше слободно правото на жената да одлучи дали сака да абортира. Измената на законот подразбираше воведување процедура, која вклучуваше неколку институционални пречки пред жената да донесе конечна одлука за прекин на бременоста. Усложнетата административна процедура е со цел да се влијае врз мислењето на жената, во насока на нејзино откажување од намерата и желбата да изврши абортус, односно да ја прекине бременоста. Владата својата кампања ја спроведуваше користејќи ги медиумите, па преку неколку видеоспотови се обидуваше да влијае врз свеста, ставовите и постапките на луѓето во поглед на абортусот. Се потрошија, несомнено, огромни пари од Буџетот на РМ, околу 3 милиони евра,[1] а рекламите буквално нè бомбардираа преку електронските медиуми. Но, прашањето е - дали тие родија плод и кој беше нивниот ефект. Ова, всушност, е едно од неколкуте прашања со кое ќе се занимава овој труд.
Водена од сопственото убедување, дека абортусот е право на жената, која претставува свесно и разумно човечко битие, кое може и мора рационално и

---

[1] Угуровска, Биљана. *По четиригодишната кампања: ставови кон абортусот помеѓу општата популација и гинеколозите во Македонија*. (Скопје: Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација и истражување, 2013) достапно на http://hera.org.mk/wp-content/uploads/2013/11/istrazuvanje_kampanja.pdf пристапено на 03.08.2017

одговорно да носи животни одлуки, сакам да направам сериозен обид да истражам дали и колку медиумската кампања, рекламите и видеопораките имаат моќ да влијаат врз човековата свест. Во случајот со кампањата „Избери живот, имаш право на живот", не само што беше доведено во прашање правото на жената да раѓа или не, правото на избор кога се работи за нејзиното тело, туку се манипулираше со нејзината емоционалност, нејзиното здравје и понатамошниот живот.

## 1.2. Контекст

Контекстот во кој ќе се разгледува прашањето за абортусот ќе биде опишан најпрво преку анализа на самиот абортус, како начин на прекинување на несаканата бременост. Ќе се разгледаат историските и медицинските аспекти на абортусот, како и неговата практика во минатото и сега.

Посебен акцент ќе се даде на филозофските дебати по прашањето за абортусот. Ќе се анализираат неколку филозофски теории, кои се во насока на поддржување на абортусот, како право на жената да одлучува за своето тело и живот. Воедно, ќе се разгледа и феминистичкото движење во насока на третирање на абортусот, како фундаментално право на жената, а во тој контекст и неколку феминистички мислења кои потекнуваат од активистите што го застапуваат правото на избор на жената (pro-choice).

Фокусот на темата ќе биде насочен и кон легислативата, односно имплементирање на абортусот во рамки на законските прописи во државите од соседството, а најмногу во Македонија.

Истражувачкиот дел ќе даде можност да се докаже тезата на овој труд, а тоа е да се покаже дека медиумите имаат моќ да пратат силни пораки до публиката, дека

се одлична алатка преку која може да се манипулира со јавноста и да се влијае врз начинот на размислување и живеење на луѓето и токму затоа треба да се внимава на темите што се предмет на рекламирање.

# II. ТЕОРИСКА РАМКА

## 2.1. Абортус

Изведбата на абортусот низ вековите наназад се провлекува како доминантно женска практика. Но, 19 век е период кога медицинските институции покажуваат интерес по ова прашање, па абортусот добива сосема нова улога и третман. Сѐ до почетокот на 19 век, на абортусот се гледало како на решение за несакана бременост во случај на силување или инцест и како решение за несакана бременост на мајките што веќе имаат деца. Понатамошниот развој на медицината и понапредните општествени сфаќања подоцна, му дават димензија на контрацептивно средство и средство за планирање на семејството. Токму затоа, во тој период, многу држави го легализираат абортусот, ставајќи го во законски рамки согласно државните, религиозните и социо-економските услови.

## 2.2. Абортусот како метод за прекинување на несакана бременост

Абортусот како метод за прекинување на бременоста датира со векови наназад и тој се разликува во зависност од географските услови, историскиот контекст, материјалните услови, а последниве децении и според законските

прописи. Извршувањето  на абортусот сè до почетокот на 19 век било народна практика, навика и обичај и тој се изведувал тајно од страна на вешти жени, бабици или локални исцелителки, но ниту државите, ниту, пак, Црквата го забранувале.[2] Велика Британија, всушност, е првата земја што го забранила абортусот со закон во 1803 година, и оттогаш тој почнува законски да се третира ширум светот. Во 1880 година веќе, во САД абортусот бил забранет, освен во случаи кога станувало збор за здравјето на жената, односно кога плодот или раѓањето би ѝ штетеле на жената.  Меѓутоа, прекинувањето на несаканата бременост веќе било влезено како практика, така што и покрај забраните, тој се изведувал тајно, но без јавни осуди и казни.[3] Абортусот во тоа време и не бил толку проблематична тема и жените не чувствувале посебна грижа за тоа, затоа што најчесто тие и не знаеле дека тој е нелегален или забранет. Исто така, постоело и верување дека фетусот не е жив, сè до почетокот на четвртиот месец, па оттука луѓето на абортусот гледале како на некаква си нормална процедура со која жените ја прекинувале несаканата бременост.[4]  Развојот на технологијата и медицината во 19 век, како и познатата машка доминација во јавната сфера, во која впрочем се создаваат законите и општествените норми и услови, придонеле за криминализирање на абортусот и за ставање законски забрани и ограничувања за негово изведување. Тогашните лекари, повикувајќи се на интересот за женското здравје, упатувале на изведување на абортус исклучиво во контролирани медицински услови. На тој начин, абортусот станал предмет за комерција бидејќи лекарите мошне заработувале на давањето одредени лекарства

---

[2] The Boston Women's Health Book Collective, Our Bodies, Ourselvese: For the New New Century (New York: Simone & Shuster, 1998), available on http://www.feminist.com/resources/ourbodies/abortion.html accessed on 10.08.2017

[3] Ibid

[4] Ibid

и превенција за несакана бременост, или, пак, го изведувале абортусот во болнички установи со соодветна наплата за интервенцијата.

Методите за прекинување на несаканата бременост во 19 век може да се сведат на три категории: природни, механички и физички напор.[5] Природните методи вклучувале земање одредени билки, корења од растенија, габи и слично. Притоа доаѓало до  токсична состојба во организмот и како резултат на тоа настапувало исфрлање на фетусот од матката на жената. Познато е дека 'ржената габа често се користела во случаи на прекинување на несакана бременост, а дури и ден денес се користи како составен елемент на лекарствата за породилна провокација и исфрлање на постелката. Исто така, и ловорот мошне се користел при абортусот. Освен што бремената жена го пиела чајот од ловоров лист, бабиците со помош на гранките од ловор, кои им служеле како кирета, ја гребеле матката за да го извадат плодот. Голем број жени, пак, се одлучувале за механички абортус, односно, со помош на игли за плетење, ножици, турпии и жици и слично провоцирале искрвавување и исфрлање на фетусот. Некои жени, пак, се обидувале да ја прекинат бременоста со внесување сапуница во матката. Јасно е дека ниеден од овие методи за нас денес не е прифатлив и во најмала рака нормален и вообичаен, меѓутоа во време на неразвиена медицина, и уште понеразвиена јавна свест, ова биле единствените достапни начини за прекин на несаканата бременост и за начин на контрола на раѓањето.

Во текот на 19 век, абортусот станал популарна тема за јавна дебата и со самото тоа и предмет за легислативна процедура. Од лична и интимна тема, која ги допира само жените, одеднаш абортусот станал јавна и политичка тема, навлегувајќи и во сферата на женските репродуктивни права. Првата држава што

---

[5] Marija Zubak, *Abortus u 19 stoljecu*. (2014) available on  https://hrcak.srce.hr/file/209618  accessed on 15.08.2017

донела законски мерки, со кои го забранила абортусот, била Велика Британија во 1803 година.[6] Тогашниот закон забранувал абортус по третиот или четвртиот месец од бременоста, но со ревидираниот закон од 1837 година, абортусот бил забранет во секоја фаза од бременоста. Од 1810 година, исти и слични закони биле донесени во Белгија, Франција, Германија и во САД. Носењето на законите во овие држави предизвикувале бројни дебати. Голем број приврзаници на движењето против абортусот се воделе од моралните и од националните интереси. Според нив, жените што сакаат да абортираат биле жени со сомнителен морал, жени што не сакаат да ги извршуваат своите основни домашни работи, како што е на пример раѓањето потомство, туку сакаат да се препуштат на слободен живот, во кој само би ги задоволувале сексуалните потреби. Исто така, жените што сакале да абортираат ги нарекувале и убијци на нацијата. Од друга страна, пак, против абортусот биле и бројни доктори, кои, и покрај јавниот став против абортусот, сепак го извршувале тајно, за голема сума пари.

Регулирањето на абортусот со закон во текот на 19 век било резултат на повеќе причини. Имено, како главни причини, секако, биле војните по кои борбата за човековите права станува посилна, а се засилуваат и движењата за правата на жените, потоа влијанието на религијата, но и моралните проблеми во поглед на дефинирањето на животот на фетусот, а на крај и улогата на жената во општеството. Последиците, пак, од законите за абортус се, секако, порастот на јавниот морализам, професионализацијата на обстетриката, бројни расправи за важноста и потребата од абортусот. Во најголем број држави, абортусот во

---

[6] Frank Mort, *Dangerous Sexualities.* Medical - moral politics in England since 1830. Second edition. (London: Routledge, 2000) available on https://books.google.mk/books?id=XseEAgAAQBAJ&pg=PA176&lpg=PA176&dq=Walkowitz,+%E2%80%9EDangerous+Sexualities&source=bl&ots=Y-SXwaFi6o&sig=m5hZ9vJWl2i4k-siztfQGSIrSs4&hl=en&sa=X&ved=0ahUKEwicgqmWgsXXAhVDtBoKHS5lDQAQ6AEIPTAF#v=onepage&q=Walkowitz%2C%20%E2%80%9EDangerous%20Sexualities&f=false accessed on 08.08.2017

законските прописи останал забранет, сè до втората половина на 20 век, освен во случаите кога постојат индиции за загрозување на здравјето и животот на бремената жена или на плодот.

### 2.3. Абортусот низ филозофските дебати

Прашањето за абортусот, неговата оправданост и потреба претставуваат тема на широки филозофски, феминистички и медицински дебати. Исто така, абортусот е дел и од општата социјална практика, особено ако станува збор за несакана бременост, во случај кога семејството веќе има деца. Прашањето овде е дали абортусот е право на жената, бидејќи станува збор за нејзиното тело и здравје, или, пак, е прашање на двајцата сопружници? Привржаниците на Русо (Jean-Jacque Rousseau) веруваат дека улогата на жената е да раѓа, да биде домаќинка и сопруга. За нив абортусот е неприфатлив и треба да се забрани затоа што жената мора да раѓа.[7] Од друга страна, пак, голем е бројот на тие што веруваат и ја застапуваат теоријата дека абортусот е дел од човековите права, дел од женските репродуктивни права и затоа не треба да се забранува. Од причина што бременоста е процес што се случува исклучиво во телото на жената, во нејзината матка, а и абортусот како интервенција се прави кај жената, оттука не постои реална причина тоа да не биде по нејзина волја и избор. Меѓутоа, ваквото верување подложи на критики и демантирања, како и на низа контрааргументи и теории. Убедена во теоријата дека абортусот е исклучиво право на избор на жената и како такво треба да биде достапно за секоја жена, ќе

[7] Jone Johnson Lewis, Rousseau on Women and Education. (Updated 31 Januari 2017. Thought&Co.) available on https://www.thoughtco.com/rousseau-on-women-and-education-3528799 accessed on 15.08.2017

се обидам да дадам неколку релевантни филозофски теории и аргументи врз кои се темели моето тврдење.

Еден од основните аргументи кој го оправдува абортусот е секако дефинирањето на правата на фетусот. Односно, знаеме дека секој човек има право на живот, но дали фетусот е човек? Мајкл Тули (Michael Tooley), познат американски филозоф и професор на Универзитетот во Колорадо, ја застапува теоријата дека фетусот не е човек и оттука нема право на живот, односно, доколку жената сака, таа може да абортира. Според него, еден организам има право на живот само ако го поседува концептот на себност како субјект, кој доживува искуства и ментални состојби и верува за себе дека е таков ентитет. Оваа состојба тој ја нарекува потреба од самосвест (Self-Consciousness Requirement-SCR)[8] и смета дека фетусот, па дури и бебињата, не ја поседуваат и оттука тие немаат права, односно абортусот е прифатлив. Неговата теорија го оправдува дури и чедоморството, но во случаи кога станува збор за деца родени со деформитети, со тежок физички, емоционален или интелектуален хендикеп. Мајкл Тули прави разлика меѓу термините *личност* и *човек*. *Човек* е дескриптивен термин, додека, пак, *личност* е морален термин. Тој вели вака:

„ X е човек", тоа значи „X е хомо сапиенс"

„X е личност", тоа значи „X има право на живот"[9]

Според Тули, неприфатливо е да се користат овие два термина наизменично во дебатите за абортусот. Во најмала рака, нивното користење во дебатите може

---

[8] Michael Tolley, *Abortion and Infanticide.* (Blackwell Publishing, Philosophy and Public Affairs, Vol.2, No.1 autumn 1972) 37-65 available on https://eclass.uoa.gr/modules/document/file.php/PPP504/Michael%20Tooley,%20Abortion%20and%20infanticide.pdf accessed on 05.08.2017

[9] Idib pp. 40

лесно да ги побие аргументите на двете страни, доведувајќи ги во заблуда, во врска со дефинирањето на фетусот како човек или не.

Џудит Џарвис Томпсон (Judith Jarvis Thomson), познат американски морален филозоф и метафизичар, во својот есеј „Одбрана на абортусот" од 1971 година, ја изнесува теоријата дека абортусот, во одредени ситуации, е прифатлив, дури и дека е точно дека ембрионот е човек и има право на живот, но неговото право на живот е послабо, второстепено, во однос на правото на жената да го контролира своето тело. Овој нејзин аргумент таа го објаснува со следниот експеримент:

> „ - Замислете дека се будите во болнички кревет, а до вас лежи светски познат виолинист. Тој е во кома поради тешка болест на бубрезите и бидејќи вашата крв единствено одговара на неговата, Друштвото на музичари ве киднапира и ве поврзува со него со циркулаторен систем преку кој вашите бубрези ја прочистуваат неговата крв од токсините. Доколку го исклучат веднаш, тој може да умре, но ако останете поврзани во период од девет месеци, тој може да оздрави и тогаш безбедно ќе бидете исклучени од циркулаторниот систем. Вие, доколку сакате, можете да се исклучите и сега, но знаете дека во тој случај тој ќе умре. Правото на живот не значи дека имате право да користите туѓо тело за да може да живеете. Тоа значи дека со тоа што ќе го исклучите виолинистот од системот, вие не го загрозувате неговото право на живот, туку едноставно само го лишувате од нешто – од користење на вашето тело, за кое тој нема никакво право."[10]

---

[10] Judith J. Thomson, *A defence of Abortion*. (Philosophy & Public Affairs I no. I Fall 1971) available on http://spot.colorado.edu/~heathwoo/Phil160,Fall02/thomson.htm accessed on 05.08.2017

Со овој експеримент, Џудит Томсон го аргументира ставот дека, иако и ембрионот има право на живот, тој нема право да го користи телото на жената и да ги комплицира нејзините животни функции, така што абортусот треба да остане како право на избор на бремената жена, без морални и правни консеквенци.

Критичарите на овој експеримент на Томсон, генерално се сложуваат со можноста за исклучување на виолинистот, меѓутоа сметаат дека постојат суштински морални разлики меѓу сценариото со виолинистот и со абортусот. Имено, во сценариото со виолинистот постои киднапирање, кое можеби може да биде слично со абортусот само во случај на силување. Меѓутоа, во повеќето случаи, бременоста не е резултат на силување, туку на доброволен сексуален однос, па станува дискутабилно дали во тој случај ембрионот има право да го користи телото на бремената жена за својот живот.

Експериментот на Џудит Томпсон, како и нејзиниот став за абортусот, предизвикале широка дебата на познати филозофи. Мари Ен Варен (Mery Anne Warren)[11] истакнува дека аргументот на Томсон, кој произлегува од експериментот со виолинистот, е доволно силен за да се одбрани потребата од абортус, но само во случај на несакана бременост која е резултат на силување. Таа смета дека постои суштинска разлика меѓу бременост по пат на силување и бременост како резултат на доброволен сексуален однос, а тоа е дека во вториот случај жената можела да ја спречи бременоста доколку сакала, со помош на контрацепција или едноставно апстинирање. Давид Бунин (David Boonin)[12] смета дека постои разлика

---

[11] Мари Ен Варен е американска професорка по филозофија и писателка и најчесто пишувала за абортуот. Според неа, човекот го дефинираат повеќе фактори: свесноста (особено способноста да се чувствува болка); резонирањето; самомотивирачките активности, способноста да комуницира; присуството на концепт за себе и свесност за себе како ентитет. Доколку еден организам не ги поседува овие фактори, како што е случај со фетусот, тогаш тој нема право на живот.

[12] Давид Бунин е  професор по филозофија на Универзитетот во Колорадо. Една од темите со кои се занимава е абортусот, и тоа најмногу етичката теорија околу него.

меѓу а) човек кој доброволно се доведува во одредена состојба и б) човек кој доброволно прави нешто што го доведува до одредена ситуација. Морална одговорност постои само во првиот случај. Но, да се биде морално одговорен, не значи и дека личноста прифаќа и непредвидливи и несакани последици. Тој ова го објаснува со следниот пример.

> „ - Бил и Тед доброволно го заборааат паричникот на масата во ресторанот. Бил, откако завршил со јадење, свесно го извадил паричникот, го оставил на масата и си заминал. Тед, пак, додека јадел, го извадил паричникот од џебот бидејќи му пречел додека седи и го ставил на масата. Бил предупреден од пријателот дека може да го заборави паричникот, но тој не го послушал. Откако завршил со јадењето, Тед станал од масата и заминал, заборавајќи го паричникот на масата. По 10 минути, се вратил по него. Иако Тед е морално одговорен за оставањето на паричникот на масата, тој не дал согласност за несаканите последици, односно не бил согласен келнерот да му го земе паричникот -‟

Според Бунинг, доброволниот секс на жените со мажите е ист случај како случајот со Тед. Тие одлучуваат доброволно да имаат однос, но не се согласни со можните несакани последици.[13] Во еден ваков контекст, Бунинг го оправдува абортусот како метод за прекинување на несаканата бременост.

Наспроти оваа група филозофи, кои ја застапуваат идејата за избор, односно за абортус (pro-choice) и ја поткрепуваат теоријата на Томсон, постојат и активисти што се против абортусот (pro-life) и кои сметаат дека аргументите и теоријата на Џудит Томсон само манипулираат со свеста и размислувањето на луѓето. Ребека Кислинг (Rebecca Kiessling), во својот есеј „ Правото на нероденото

---

[13] Daniel Prayson, *Assessing Thomson`s Defense of Abortion*. (Whit All I Am, Published August 19, 2013) available on https://withalliamgod.wordpress.com/2013/08/19/assessing-thomsons-defence-of-abortion accessed on 07.08.2017

дете да не биде неправедно убиено – филозофија со пристап кон правата",[14] меѓу другото, смета дека Томсон со експериментот со виолинистот прави одредена психолошка манипулација со читателите. Според неа, Томсон на читателите сака да им покаже прво дека виолинистот е маж (со тоа ги добива феминистите), второ, тој е стар (со ова тој помалку им се допаѓа на младите читатели, кои може да веруваат дека тој веќе доволно живеел) и трето, тој е богат (фактот дека е популарен и имал мошне убав живот, на многумина нема да им се допадне). Сето тоа, Томсон би можела да го искористи како дополнителен аргумент во нејзиното убедување дека тој треба да биде исклучен од апаратот, односно дека абортусот е право, кое жената може да го користи по сопствено уверување. Повеќе од јасно е дека наспроти Томсон, која своите тврдења ги аргументира со реални факти, Ребека Кислинг не дава аргументи за да го потврди својот став, туку, со помош на претпоставки, таа ја проблематизира аналогијата на Томсон, притоа негирајќи ја нејзината хипотеза.

Еден од најуспешните филозофски пристапи за оправдување на абортусот среќаваме кај Питер Сингер, еминентен светски филозоф и биоетичар. Неговиот став е дека човечките суштества немаат вродено право на живот, туку правото на живот почива врз когнитивните способности на една единка: рационалност, автономија и свест за себе. Во 1993 година, Питер Сингер ја шокирал јавноста со своето тврдење дека новороденчињата немаат статус на човек во првите 30 дена од нивното раѓање.[15] Тој тврди дека бебињата не се родени како свесни битија и не се свесни за своето постоење, затоа и не може да ги смета за луѓе. Убивањето на бебињата, според него, не може да биде исто како и убивањето нормално

---

[14] Rebecca Kiesling, *Philosofical Abortion Essay: The right of the Unborn Child not to be Unjustlly killed*, available on http://www.rebeccakiessling.com/rebeccas-writings/philosophical-abortion-essay accessed on 05.09.2017

[15] *Peter Singer, Practical* Ethics. (Cambridge University Press. 1993) 136, availble on http://www.stafforini.com/txt/Singer%20-%20Practical%20ethics.pdf accessed on 05.08.2017

човечко битие или кое било друго свесно суштество. Имајќи предвид дека новороденчето, за разлика од возрасните луѓе, не е во состојба да размислува за својата иднина, нема желби и планови за иднината, па оттука тоа не може да страда поради лишување од животот, кој и онака не можел да си го замисли. Да се убие штотуку родено бебе, не е исто како да се убие некоја личност што има желба да живее. Својата теорија Сингер ја развива врз база на проблематизирање на трите основни премиси на застапувачите на pro-life ставот:

1. Погрешно е да се убие невино човечко суштество
2. Човечкиот фетус е невино човечко суштество.
3. Според тоа, погрешно е да се убие човечки фетус.[16]

Секоја од овие премиси си има свои слабости, но она што е важно овде е прашањето кога почнува човечкиот живот. Човечкото суштество како поим има две различни разбирања: 1) да се биде homo sapiens и 2) да се биде личност. Кога терминот е поделен вака, тогаш слабоста на првата премиса е повеќе од очигледна. Ако „човек" е исто што и „личност", тогаш втората премиса од аргументот на Сингер, која вели дека фетусот е човечко битие, е неточна. Ако, пак, од друга страна терминот „човек" упатува само на Homo sapiens, тогаш одбраната на pro-life застапниците ќе се базира само на недостиг од морална важност и со самото тоа првата премиса станува неточна. Поентата е да се покаже дека дали едно суштество е член од нашиот вид (homo sapiens) или не, нема поголема важност во случај на убиство од тоа дали едно суштество е или не е член од нашата раса (личност). Просто кажано, правото на живот на животното, човекот или фетусот е еднакво вредно право. Според тоа, може да се заклучи дека Сингер не го брани абортусот безрезервно. Тој мери меѓу страдањето на мајката и на нероденото дете и тогаш пресекува. Значи постојат ситуации во кои

[16] Ibid. Pp.134

го поддржува абортусот и ситуации во кои не се согласува со него, а тоа зависи од тежината на страдањето. Оттука, лесно може да се разбере зошто Сингер не прави разлика меѓу животните и луѓето кога е во прашање правото на живот.

Етиката на Питер Сингер спаѓа во правецот на етички уталитаризам. Дејствата, од друга страна, се морално добри ако предизвикуваат повеќе среќа, а помалку болка за повеќето вклучени страни во дејството, односно процесот. Силувањето и убиството како дејства, сами по себе се лоши и погрешни, и од нив не може да се очекува среќна емоција. Нашиот здрав разум е тој што нѐ води да ја процениме вредноста и тежината на одреден рационален процес со неговите очекувани последици. Филозофите блиски до Црквата ја критикуваат теоријата на Сингер, која го оправдува абортусот и чедоморството од повеќе причини.[17] Првата е погоре споменатата утилитарна етика. Следната причина е условот за рационалност и себеспознавање, според кој, Сингер го дефинира преминот на бебето кон човек. Во овој контекст ја поставуваат дилемата дали поголемата рационалност кај одредени луѓе ги прави нив нешто повеќе од човек? Ако е тоа така, тогаш зошто не се каже дека едно суштество станува помалку човек во најрана возраст, достигнува целосна „човечност" во текот на средните години, кога нели го достигнува интелектуалниот зенит, а потоа како старее, тој полека ја губи таа човечност? Значи, правата на живот, согласно тоа, ќе се менуваат... ќе растат, ќе достигнат кулминација и потоа полека ќе се губат. Тоа потсетува на Дарвин, кој во голема мера ги дехуманизира жените велејќи дека мажите имаат поголема важност и вредност, тие повеќе се истакнуваат од жените и дека не е во

---

[17] Scott Klusendoorf, *Peter Singer`s Bold Defense of Infanticide*. Article ID:DD801 (Christian Research Journal, Vol 23/Number 3 issue) available at http://www.equip.org/article/peter-singers-bold-defense-of-infanticide accessed on 25.08.2017

ред да се споредуваат едните со другите. Според Дарвин, просечната ментална моќ на мажите е повисока од таа на жените.[18]

Верувам дека Црквата и нејзините привrзаници, кои го застапуваат правото на живот, односно се против абортусот на кој гледаат како на убиство, во името на верата, религијата, Бог и неговото постоење, се во можност да набројат уште неколку причини зошто теоријата на Сингер е погрешна, ама тоа во овој случај и не е толку важно затоа што останувам на убедувањето дека абортусот е човеково право, право на жената да избира што со својата матка и своето тело. Во овој контекст, значајно е да се наведе уште еден аргумент на Питер Сингер. За да се донесе реален етички став или суд околу темата абортус и чедоморство, Сингер предлага да се тргнат настрана сите чувства што доаѓаат од гледањето на „малите, беспомошни и слатки" бебиња. Да мислиме дека животите на бебињата имаат некаква посебна важност само затоа што тие се „малечки и слатки" е на исто ниво со мислењето дека и бебето фока со своето меко сиво крзно и големи очи заслужува поголема грижа, заштита и права од бебето горила, кое и не изгледа така слатко и симпатично. Исто така, беспомошноста и невиноста на бебето Homo sapiens значи еднаквост со невиноста и беспомошноста на фетусот Homo sapiens или, пак, со лабораториските глувци, кои се исто толку невини како и бебињата, а за време на експеримент се речиси и беспомошни.[19] Теоријата на Питер Сингер, во секој случај, го оправдува абортусот кога тој е разумна одлука на жената што е бремена или, пак, на партнерите што одлучуваат дека не сакаат дете, а во меѓувреме и го одобрува чедоморството во случаи кога постојат

---

[18] Charles. Darwin. *The Descent of Man, Selection in Relation to Sex*. (New York: D. Appleton and Company, 1889) available on http://darwin-online.org.uk/converted/pdf/1889_Descent_F969.pdf accessed on 25.08.2017

[19] Peter Singer, *Practical Ethics*. (Cambridge University Press. 1993) 152, available on http://www.stafforini.com/txt/Singer%20-%20Practical%20ethics.pdf accessed on 05.08.2017

сериозни и тешки аномалии, хендикепи и недостатоци кај новороденчето. Меѓутоа, не одобрува убивање бебе со деформитет, чии родители не ја сакаат неговата смрт, ниту, пак, одобрува присилување на бремена жена на абортус, односно прекинување бременост, која е резултат дури и на несакан сексуален акт, доколку жената не сака да го абортира тоа бебе.

Дебатата околу абортусот во рамки на филозофските кругови е секогаш актуелна и поларизирана во однос на ставовите. Се чини дека постои одреден парадокс во дебатата меѓу застапниците од двете страни, а тоа е што и едните и другите сметаат дека за фетусот и новороденчето треба да важат истите критериуми, иако и самото тоа го проблематизираат во различен стадиум од дебатата и притоа вадат различни заклучоци. Конзервативците на големо ја застапуваат тезата за криминализирање на абортусот, додека, пак, како што гледаме, приврзаниците на Сингер сметаат дека абортусот треба дури и да се прошири на новородените бебиња, односно застапуваат еден вид постпородилен абортус. Прашањето за абортусот и инфантицидот, дефинирањето на човечките битија, моралните норми и граници - сите тие претставуваат едни од најтешките прашања со кои се соочуваме и кои редовно и по правило на нештата предизвикуваат силен емоционален набој.

И покрај тоа што Сингер ги радикализира правата на избор на жената и со тоа ги проширува неговите можности, тој, сепак, не е заговарач на абортус по секоја цена и смета дека тој има смисла само доколку раѓањето носи поголема несреќа отколку среќа, поголемо страдање отколку радост, во согласност со неговата школа на мисла, етичкиот утилитаризам.

## 2.4. Абортусот и религијата

Прашањето за абортусот со децении наназад е една од темите, која значително го привлекува вниманието и во религиозните кругови. Иако верувањето во Бог нема никаква врска со верувањето во постоење фундаментални човекови права, сепак, во огромен број држави, ставовите на религијата во однос на абортусот, контрацепцијата и контролата на раѓањето имаат големо влијание врз општото мислење и сфаќање на луѓето. Различните религии имаат различни историски перспективи за моралната оправданост на абортусот, па речиси сите го осудуваа и го казнуваат. Католичката црква, на пример, остро го осудува и го забранува абортусот, дури и во случаи кога бременоста е резултат на инцест, обљуба или силување. Католицизмот учи дека човековиот живот почнува со самото зачнување и затоа на абортусот гледа како прекинување на живот, убиство и го смета за голем грев. Католиците веруваат дека свесното и намерното нанесување зло никогаш не може да се оправда, без разлика на причините и целта заради која е направено. Ова претставува морален императив за католиците, но се чини дека е повеќе во служба на одбрана на животот на нероденото бебе отколку на животот на жената. Несаканиот чин на силување и инцест, според католиците, не може да биде оправдување за одземање на животот на бебето. Во такви случаи, Црквата сугерира на брза контрацепција веднаш по извршениот сексуален чин. Верувањето дека животот на човекот почнува од моментот на неговото зачнување има корени од еврејството.[20] Според Евреите, човечкиот живот, односно човекот го има Бог за свој единствен автор, кој, пак, со својата креативна сила го создава животот во утробата на

---

[20] William Saunders. *The Catholic church and abortion. The Church has always condemned abortion*. (Published on Catholic News Agency, 22.01.2004) available on http://www.catholicnewsagency.com/resources/abortion/catholic-teaching/the-catholic-church-and-abortion accessed on 30.08.2017

жената. Оттука и светоста на животот почнува да се цени од моментот на зачнувањето. За тоа дека абортусот во католичката религија се смета за напад по човечкиот живот и претставува убиство, говори и папата Јован Павле Втори во енцикликата „Евангелието за живот", во кое абортусот го става на листата на срамни, казниви и морално неприфатливи дела, исто како и убиството, еутаназијата, самоубиството и секој друг вид тортура и измачување.[21]

Во рамките на православието, абортусот, исто така, се смета за морално неприфатлив чин, прекинување човечки живот, затоа што и во рамки на христијанството се верува дека животот почнува со самото зачнување. Повикувајќи се на тоа дека чедоморството е причина за намалување на наталитетот во државите, Црквата го осудува прекинувањето на бременоста речиси по секоја основа. И не само тоа, привrзаниците на Црквата се склони да веруваат и да убедуваат дека дури користењето спирала како контрацептивно средство е абортивен процес, како и секоја друга контрацепција. Веруваат дека ако дојде до зачнување, а жената има спирала, тогаш токму спиралата не му дозволува на детето да се имплантира во матката и тоа за девет дена умира.[22] Освен тоа, овие привrзаници се и против стерилизацијата, како и против методите за вештачко оплодување. Република Македонија од своето осамостојување се има декларирано како секуларна држава, па оттука и мислењето на религијата по одредени прашања има голема важност. Во однос на прашањето во врска со оправдувањето на абортусот и поддржувањето на Законот

---

[21] Paulus Ioannes PP II. *Evangelium Vitae To the bishops, priests, man and women religious lay Faithful and the people of God will on the Value and the Inviolability of Human Life*. available on http://w2.vatican.va/content/john-paul-ii/en/encyclicals/documents/hf_jp-ii_enc_25031995_evangelium-vitae.html accessed on 30.08.2017

[22] Ana Lisec. *Nevidljivo ubistvo*. (Casopis "Mir Bozji" br. 1, 2000 godina) available on http://www.manastir-lepavina.org/vijest.php?id=14 accessed on 05.09.2017

за прекинување на бременоста од 2013 година, од особена важност е да се спомене дека владиката Петар по прашањето за абортусот вели:

> „ Учењето на Црквата не го одобрува абортусот. Знаеме дека станува збор за свесно, намерно или со умисла убиство на децата во утробата на мајката. Црквата тоа не може да го премолчи и сака да го каже својот став." [23]

Ваквите изјави од страна на црковната власт во една држава имаат тенденција сериозно да го доведат во прашање моралниот кредибилитет на жените што избираат да ја прекинат несаканата бременост како нивно право на избор.

Исламот, исто така, го застапува уверувањето дека човечкиот живот почнува во утробата на жената по навршувањето 120 дена од моментот на зачнувањето. Вдахнувањето на животот на плодот, според исламското верување, се случува токму по четвртиот месец од зачнувањето, па абортусот по тој период се смета за убиство. Генерално, исламот не го одобрува абортусот и пред тој период, залагајќи се за идејата несаканото дете да се даде на посвојување, но никако да се абортира.[24]

Религиите, главно, се согласни во ставот кој го дефинира абортусот како убиство од причина што една од главните нишки на религијата која најмногу ги третира и ги интересира народните маси, е секако идејата за ширење на потомството, вреднувањето на човечкиот живот и воспоставувањето морално

---

[23] Владика Петар: *Абортусот е убиство со умисла*. (Република online, 31.05.2013) достапно на http://republika.mk/75292 пристапено на 05.09.2017

[24] Ajadi Mutohir. *Islamic Perspectives on Abortion*. (Al Jumuah magazine. 20.11.2015) available on http://aljumuah.com/islamic-perspectives-on-abortion-ajadi-mutohir accessed on 28.09.2017

прифатливи норми за човечкото однесување. Прашање е само колку една држава е секуларна во рамки на своето уредување и оттука, колку од религиските ставови ќе бидат основа за законски регулативи.

## 2.5. Абортусот низ феминистичка призма

Прашањето за абортусот, неговото воведување, не само во расправите во философските кругови, туку и во рамки на правните системи на државите, е една од централните теми на феминистичката јавност. Во низата познати феминистки, кои активно ја застапувале идејата за рамноправноста меѓу жените и мажите, а во рамки на тоа и правото на абортус, најистакната е Бети Фриден. Фриден е позната американска феминистка, писателка и активистка, и со право се смета за зачетник на вториот бран феминизам, откако во 1963 година ја издала својата прва книга „*Женска таинственост*" (*Feminine Mystique*). Книгата претставува исклучителна емпириска студија, во која е опишан животот на жените во почетокот на 20 век. Книгата ја напишала мотивирана од средбата со своите соученици на прославата на 15 години од дипломирањето. Во разговор со колешките таа сфатила дека сите жени, па и таа самата, се само домаќинки и мајки и дека се прилично несреќни со тој избор. Да не заборавиме дека во тоа време, општеството ја идеализирало улогата на домаќинките, па така тие, и покрај тоа што имале високо образование, сепак биле повеќе или помалку поттикнати да се откажат од кариерата за сметка на семејството и бракот. Токму тоа е и содржината на нејзината книга. Во неа таа го опишува животот на една депресивна домаќинка од предградието, која се откажува од своето образование на 19-годишна возраст за да се омажи и да раѓа деца. И самата таа се перцепира како таква жена и тоа ја загрижува, но уште повеќе ја загрижува фактот што во своето опкружување не може да најде позитивен пример на женско однесување, кое подразбира успешно менаџирање

на семејството и работата надвор од дома.[25] Фриден потенцира дека жените се исто како и мажите, способни за која било работа или кариера, па оттука и нејзиниот активизам да ја смени улогата и перцепцијата на жената во САД, во 20 век. Книгата „*Женска таинственост*" станала своевиден манифест во служба на промените во општеството, а Бети Фриден станала гласноговорник на вториот бран на феминизмот. Популарноста на книгата, која била испечатена во речиси милион и пол примероци, била причина повеќе Бети Фриден да биде постојано гостин во разни телевизиски и радиопрограми. Таа сè погласно зборувала за замката во која општеството ги држи американските жени, истакнувајќи ја наспроти тоа нивната способност и желба да бидат рамноправен дел од јавната сфера, со право на глас, право на учество во политичките и во другите општествени области. Целиот овој активизам имал големо влијание врз политичките и економските промени што се случиле во тоа време. Во тој контекст мора да се спомене дека дигањето на гласот на жените во Америка, изложувањето на нивниот реален проблем во семејството и општеството, биле инспирација и мотив за многу книги, филмски и театарски сценарија. За положбата на жените во тоа време, не само во СДА, туку и во Англија зборува и претставата на познатиот драматург Вилијам Расел „Ширли Валентајн" - приказна за средовечна домаќинка од Ливерпул, која сфаќа дека и е доста од спремање по дома, пазарење, готвење и угодување на домашните. Таа се пакува и заминува на одмор во Грција, каде што сфаќа дека животот има и друга димензија, дека може да биде среќна и исполнета, и затоа решава да остане таму засекогаш. Но, да се вратиме на активизмот на Бети Фриден. Фриден сакала да направи нешто повеќе за женските права, па затоа се здружила со група либерални жени, кои биле дел од Комисијата

[25] Betty Friedan, *The Feminine Mystique*. (New York: The Norton & Company, 1963) available on https://nationalhumanitiescenter.org/ows/seminars/tcentury/FeminineMystique.pdf accessed on 10.10.2017

за статусот на жените, а која била формирана од тогашниот претседател на САД, Џон Кенеди. Тие во 1966 година ја формираат Националната организација на жени (NOW), а Бети Фриден била нејзиниот прв претседател. Организацијата лобирала за спроведување на членот 7 од Актот за човекови права од 1964 година, кој се однесува на вработувањето, како и спроведување на Актот за еднакви плати од 1963 година, и паралелно со тоа и лобирале до Комисијата за еднакви можности при вработување, да престанат со половата дискриминација.

Една од позначајните активности и заложби на Бети Фриден е борбата за либерализација на абортусот. За да ја оствари таа цел, Фриден ја формира NARAL[26] - „Национален сојуз за борба за правото на абортус", и преку оваа организација, таа ја води кампањата за реформа на законот за абортус. Од 1980 година, кога почнува активизмот за легализација на абортусот, па сè до 2000 година оваа организација е водечка во лобирањето и активизмот за репродуктивните права на жените. Паралелно со тоа, NOW води кампања за поддршка на доењето, акушерството и другите права поврзани со раѓањето и родителството. Најважно од сè е тоа што со својата работа, Бети Фриден успеала да го донесе абортусот на ниво со другите човекови права, и со тоа им оставила добра основа на денешните активисти за унапредување на репродуктивните, социјалните и економските права на жените.

Денес, активистите што застапуваат различни гледишта во поглед на абортусот, во своја одбрана, во рамки на своите кампањи, користат аргументи, кои најчесто произлегуваат од нивото размислување, нивниот избор и од нивните гледишта на животот. Pro-life активистите веруваат дека абортусот е право на жената, и затоа таа избира дали и кога ќе раѓа деца. Жената има право да избере кариера и/или деца, нејзиното тело е нејзина сопственост и таа одлучува дали и кога ќе роди или ќе абортира. Џил Филиповиќ (Jill Filipovic), адвокатка и

[26] NARAL – National Abortion Rights Action League (now NARAL Pro-Choice America)

писателка, на својот веб-сајт *Feminist* застапува легализирање на абортусот ширум светот.[27] Еден од нејзините аргументи за абортусот е фактот дека во голем број држави тој се врши нелегално и во неконтролирани медицински услови, па како резултат на тоа голем број жени умираат при самиот процес, или подоцна, како резултат на несоодветно извршена постапка.[28] Годишно, просечно се изведуваат 26 милиони легални абортуси и 20 милиони нелегални абортуси. Најголем број абортуси се изведуваат во земјите од Источна Европа, а најмал е бројот на абортуси во земјите од Западна Европа.[29]

Светската здравствена организација (WHO), која постојано ја следи состојбата ширум светот, објавува бројка од 21,6 милиони нелегални абортуси извршени во текот на 2008 година, и најголем број од нив во земјите во развој. Бројката е зголемена од последниот извештај од 2003 година, кога била 19,7 милиони. Четириесет и седум илјади жени умираат секојдневно, како резултат на последиците од нелегалниот абортус.[30]

---

[27] Jill Filipovic. *Why I`m pro-choice.* ( Everyday Feminism Magazine. December 3, 2012) available on http://everydayfeminism.com/2012/12/why-im-pro-choice accessed on 01.10.2017

[28] Stanly Henshaw. *The Incident of abortion Worldwide.* (International Perspective on Sexual and Reproductive Health Journal, Januari 19, 1999) available on https://www.guttmacher.org/journals/ipsrh/1999/01/incidence-abortion-worldwide accessed on 01.10.2017

[29] Ibid

[30] Department of Reproductive Health and Research, World Health Organization. *Unsafe abortion: global and regional estimates of the incidence of unsafe abortion and associated mortality in 2008*. Sixht edition. Published in 2011. Available on http://www.who.int/reproductivehealth/publications/unsafe_abortion/9789241501118/en Accessed on 01.10.2017

Резултатите од истражувањето на Слободанка Константиновиќ-Виликј за карактеристиките на жените застапници на pro-choice и pro-life движењата покажале дека застапничките на pro-choice идејата потекнуваат од татковци со високо образование, поседуваат и самите високо универзитетско звање, вработени се на добри работни места, повеќето се мажени и имаат едно до две деца, и немаат посебна религиска приврзаност. Од друга страна, пак, застапничките на pro-life движењето потекнуваат од родители со пониско образование, повеќето од нив имаат максимум средно образование, не се вработени или, пак, работат за минимални плати, мажени се и имаат две до три деца, религиозни се и најголем дел од нив се од католичка вероисповед.[31]

Феминистките Ема Голдман (Emma Goldman, 1869-1940) и Маргарет Сангер (Margaret Sanger, 1879-1966) сметаат дека контролата на раѓањето е доминантна тема на денешницата и затоа не треба да се молчи по тоа прашање. Сангер смета дека контролата на раѓањето мора да се поврзе со борбата на жената за нејзината еманципација, како и со потребата на жената да го контролира своето тело. Тоа, според неа, значи дека ниедна жена не треба да биде мајка против сопствената волја, дека жената има право да раѓа деца, иако не е мажена, како и тоа дека жената треба да има фундаментална слобода да избира дали, кога и со кого ќе има и ќе одгледува деца. Без оглед на тоа како ова им изгледа на мажите, сепак раѓањето е прашање на жената и нејзин избор.[32] Езра Хејвуд (Ezra Heywood),[33] исто така приврзаничка на теоријата за либерален абортус, смета дека женско

---

[31]Slobodanka Kosntantinovic-Vilic I Petrusic, Nevena. *Zene, zakoni I drustvena stvarnost*. Knjiga Druga, (Nis, Sven, 2010) 37 available on https://www.rodnaravnopravnost.gov.rs/sites/default/files/2017-02/Zene%20zakoni%20i%20drustvena%20stvarnost%20%20%20KNJIGA%202%20Petrusic%2C%20Konstantinovic%20Vilic.pdf accessed on 24.09.2017

[32] Ibid pp.29

[33] Езра Хејвуд бил познат американски анархист, феминист, борец за укинување на ропството и борец за правата на жените.

природно право е правото на жената да има контрола над своето тело и дека тоа право е неодвоиво со постоењето на женската интелигенција.

Сите досега искажани ставови, тврдења, теории и практики ја застапуваат либерализацијата на абортусот, односно неговото воведување во рамки на секојдневната медицинска практика, а под мониторинг на психолошките, етичките и моралните норми. Оттука произлегува и потребата од ставање на абортусот во добро дефинирана законска рамка. Во овој труд подолу ќе се направи обид да се прикаже легислативата на државите во соседството, а најмногу во Македонија, а секако и начинот на кој се дојде до промени на постоечкиот закон за прекинување на бременоста во Македонија под влијание на владината кампања и идеја за промени, во периодот од 2010 до 2014 година.

### 2.6. Правото на абортус во земјите од соседството вклучително и поранешна Југославија

Легализацијата на абортусот, како метод за прекинување на несакана бременост во земјите од соседството, вклучително и Македонија, датира од 1952 година. Со тогашниот закон кој важел за државите од тогашната Југославија, абортусот се одобрувал само од медицински или социо-економски причини, иако никаде во одредбите не постоело објаснување за тие социо-економски причини. Барањата за прекин на бременоста ги одобрувале посебни комисии, во чиј состав имало гинеколози, интернисти и социјални работници. Меѓутоа, од причина што критериумите не биле јасно дефинирани во законот, најчесто овие барање биле одбивани, што, пак, од друга страна довело до зголемување на бројот на

нелегални абортуси.[34] Легализацијата на абортусот тогаш била обид на тогашната комунистичка влада да го намали бројот на илегалните абортуси, но и да одговори на барањата на активистите за еманципација на жените. Законот постепено се изменувал така што до 1980 година тој одобрувал абортус, формално во првите десет, а реално во првите дванаесет недели од бременоста. Југославија во 1974 година ги ставила репродуктивните права во рамки на својот Устав, со што неколку години подоцна абортусот се третирал како суштински репродуктивно право на жената.

Од републиките што беа во состав на Југославија, Србија и Хрватска се држави во кои владеењето на правото е императив, што не верувам дека е исклучок во другите држави, но овде постои и силно влијание на религиските кругови, како и стремежите кон европските прописи и норми. Затоа ќе се задржиме токму на ставовите, законите и јавното мислење кај нив.

Законот за постапката за прекинување на бременоста во здравствените установи во Република Србија од 2005 година има 17 члена со кои ја дефинира постапката, која, пак, разликува три временски одредници:[35]

- Во првите 10 недели прекин на бременоста може да побара жената усно,
- Од 10. до 20. недела од бременоста, потребна е согласност, односно конзилијарно мислење на лекари, кои би одобриле прекинување на

---

[34] Rada Drezgic. *Istorija kontrole raganja u Srbiji: sprecavanje i/ili prekid trudnoce*. Centar za bioeticke studije, (Univerzitet u Beogradu, 18/06/2016) 338 available on http://www.sociologija.org/admin/published/2016_58/3/504.pdf accessed on 24.09.2017

[35] Sluzben vesnik RS br. 16/95 I 101/2005 I dr.zakon. available on http://www.paragraf.rs/propisi/zakon_o_postupku_prekida_trudnoce_u_zdravstvenim_ustanovama.html accessed on 24.09.2017

бременоста во случаи кога има нарушување на здравјето на жената; кога детето би се родило со тешки телесни или душевни недостатоци; во случај на силување, родосквернавење, обљуба на немоќно лице, малолетно лице или обљуба со злоупотреба на положба.

- По 20-та недела од бременоста потребна е согласноста од Етички одбор на терцијална здравствена установа.

Одлуката на конзилијарниот лекарски совет или на етичкиот одбор, со која не се одобрува прекинување на бременоста, не дозволува можност за жалба по неа бидејќи и самиот закон не ја дава таа можност. Бидејќи здравствените установи имаат законска обврска да го пријават секој абортус што го изведуваат до надлежниот завод за заштита на здравјето и Републичкиот фонд за здравствено осигурување, во Србија постои национален регистар со лични податоци и медицинска документација за извршените постапки за прекинување на бременоста.

Во Хрватска, пак, сè уште е во сила прогресивниот југословенски *Закон за здравствени мерки за остварување на правото за слободно одлучување за раѓање деца.* Пред повеќе од 26 години, хрватското движење за живот и семејство поднело барање за преиспитување на уставноста на законот, но ова барање не даде резултат. Во октомври 2016 година, хрватското здружение „Во име на семејството" поднесе барање до Уставниот суд, со кое бараа правото на абортус да се прогласи за неуставно. Уставниот суд на Република Хрватска излезе со одлука да го отфрли оваа барање, а во исто време даде налог до Собранието на Република Хрватска, со кое Собранието во рок од две години мора да донесе нов

закон со кој ќе се регулира прашањето за абортусот[36]. На законодавците сега им е оставена одговорноста да ги пропишат превентивните и едукативните мерки со кои абортусот ќе биде исклучок. Од друга страна, пак, на лекарите во Хрватска им е признаен „приговорот на совест", според кој, тие имаат право, во име на своите религиозни убедувања или лични морални сфаќања, да одбијат да го извршат абортусот. Но, ова право на лекарите им се прифаќа само до десеттата недела од бременоста, а потоа бременоста се третира како медицинска помош и приговорот не е дозволен. Во еден ваков контекст, кога постои бариера, не само од страна на религијата, особено католицизмот, од страна на конзервативните политичари, па дури и од лекарскиот приговор на совест, хрватските жени се соочуваат со реални проблеми.

Но, дали сето ова навистина го намалува бројот на несакани бремености и абортуси? Познатиот хрватски гинеколог Асим Курјак, во својата колумна за весникот „Слободна Далмација"[37], вели дека абортусот значи прекинување на живот, ама тој мора да постои и да биде легален. Бремените жени што не сакаат да родат, секогаш ќе најдат начин како да ја прекинат таа бременост, без разлика на законите. Општеството, вели Курјак, не смее да одлучува за нивното тело затоа што тоа би било почеток на фашизмот. Дали абортусот е убиство или не, тоа е дилема, која тешко дека некогаш ќе биде разјаснета. Секој си има свое верување

---

[36] Hina. *Ustavni sud odbio zahtjev za zabranu pobacaja!Nalozili Saboru da u roku od dvije godine donese zakon o pobacaju*. (Jutarnji.hr. 02.02.2017) available on https://www.jutarnji.hr/vijesti/hrvatska/ustavni-sud-odbio-zahtjev-za-zabranu-pobacaja-nalozili-saboru-da-u-roku-od-dvije-godine-donese-novi-zakon-o-pobacaju/5706323 accessed od 15.08.2017

[37] Asim Kurjak, *Abortus je prekid zivota, u to nema sumnlje, ali on mora biti legelan*. (Slobodna Dalmacija, 05.07.2017) available on http://www.slobodnadalmacija.hr/novosti/hrvatska/clanak/id/472029/poznati-hrvatski-ginkeolog-asim-kurjak-abortus-je-prekid-zivota-u-to-nema-sumnje-ali-on-mora-biti-legalan accessed on 08.08.2017

и убедување, но доктор Курјак вели дека подобро е да постои легален абортус затоа што сите паметиме случаи на нелегални абортуси изведувани во несоодветни услови и апаратура, кои најчесто завршуваат со сепса или со смрт. Ограничувањата на правото на прекин на несаканата бременост, како и фамозниот „приговор на совест" на лекарите, не ја намалува стапката на абортус, туку само ја комплицира и ја комерцијализира. Приватните клиники во Хрватска, за добра сума пари, и тоа како прават абортуси. Доктор Јасенка Груич, пак, е предводник на група гинеколози, кои поднесуваат иницијатива за регулирање на правото на „приговор на совест" затоа што се убедени дека интересот на пациентот треба да е пред религиозното убедување на лекарот.[38] Според неа, абортуси ќе има сè додека луѓето имаат сексуални односи, што значи дека државите треба да го легализираат абортусот, а на тој начин и да го контролираат законски, медицински, морално и етички.

## 2.7. Правото на абортус во Македонија

Правото на абортус, односно Законот за прекинување на бременоста во Македонија, за првпат е донесен во 1972 година, како резултат на веќе постоечкиот Закон за прекинување на бременоста на ниво на СФРЈ. Македонскиот закон од 1972 година нудел поприлично либерален пристап во однос на абортусот. Во име на интересот на здравјето на жената, женската еманципација и развојот на општеството, тогашниот закон, во голема мера, ја почитувал волјата и желбата на бремената жена. Според него, во текот на првите десет недели од

[38] Edita Misiric, *Iako je legalan, u Hrvatskoj je abortus I dalje tesko dostupan:istrazili smo kako se krsi zakon*! (RTL televizija, Vjesti 26.02.2016) available on http://www.vijesti.rtl.hr/novosti/1934616/iako-je-legalan-u-hrvatskoj-je-abortus-i-dalje-tesko-dostupan-istrazili-smo-kako-se-krsi-zakon accessed on 20.08.2017

бременоста жената, за да ја прекине бременоста, доволно било само да отиде на лекар и усно да му соопшти дека сака абортус. Прекинувањето на бременоста по десеттата недела било можно само во случаи кога постојат индиции за нарушување на здравјето на жената или на детето, во случаи на силување или обљуба. Ваквото мислење го давала првостепената комисија при здравствената установа. Законот од 1972 година имал измени и дополнувања две години подоцна, откако репродуктивните права станале составен дел на Уставот на СФРЈ. Со новите измени се воведува поголема грижа на бремената жена во однос на задолжителни лекарски прегледи, лабораториски анализи, редовни посети од патронажна служба за време на бременоста и по породувањето, и слично.[39]

Во текот на 2013 година, во Македонија имаше силни реакции во врска со измените на Законот за прекинување на бременоста што тогашната влада, по скратена постапка, без присуство на опозицијата, со само еден глас против[40] го изгласа. Новиот Закон со своите одредби значително ја усложни процедурата за прекин на бременоста, не само административно, туку и емоционално и

---

[39] Службен весник на Социјалистичка Република Македонија бр. 49 од 28 декември 1974 година, достапно на http://www.slvesnik.com.mk/Issues/584FC81FA866433786C2943EC3973549.pdf пристапено на 28.08.2017

[40] Пратеникот од Либералната партија, Ивон Величковски гласал против, со образложение дека со административна процедура се тера популациска политика, која нема да го отстрани абортусот како практика, туку ќе овозможи изведување на истиот во неадекватни услови. Објавено на страната на DW на 10.06.2013 година, достапно на http://m.dw.com/mk/%D1%81%D0%BE%D0%B1%D1%80%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D0%B5%D1%82%D0%BE-%D0%BD%D0%B0-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B3%D0%BE-%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B5%D1%81%D0%B5-%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%BE%D1%82-%D0%B7%D0%B0-%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%80%D1%82%D1%83%D1%81/a-16872274 пристапено на 28.08.2017

психолошки. Новиот Закон доживеа и сѐ уште е цел на критика од јавноста, стручната јавност и народот, од причина што неговите одредби навлегуваат во правата и слободите на жената. И самиот закон по малку е контрадикторен. Во член 2 став 1 од Законот стои дека:

> „Прекинување на бременоста е посебна медицинска интервенција за која слободно одлучува бремената жена.“[41]

Ако е тоа така, тогаш зошто се ограничува нејзината слобода, односно зошто подолу во член 6 од истиот Закон постапката за прекинување на бременоста подразбира писмено барање, чија форма и содржина ја одредува министерот за здравство? Ова барање понатаму во постапката за одобрување опфаќа советувања, информации... па на бремената жена ѝ се остава период од три дена да ги размисли тие информации и совети, па дури потоа мора да потпише писмена изјава дека е свесна за постапката и за последиците од неа. Дури потоа лекарот ќе ја изврши интервенцијата. Според членот 9 од Законот, пропишано е дека кон барањето за прекин на бременоста, жената да мора да достави и низа административни документи, кои во најмала рака подразбираат губење време и влошување на емоционалната и психолошката состојба на бремената жена. Не помалку лош е и член 21 став 2, во кој се вели дека:

---

[41] Закон за прекинување на бременоста. Службен весник на РМ, број 87/2013 од 17.06.2013 година, достапно на http://www.healthrights.mk/pdf/Pravnici/Domasno%20zakonodavstvo%20i%20mehanizmi%20za%20zastita%20na%20covekovite%20prava/Ostanati%20povazni%20propisi%20od%20oblasta%20na%20zdravstvoto/Zakon%20za%20prekinuvanje%20na%20bremenosta/%D0%97%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%BA%D0%B8%D0%BD%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%B1%D1%80%D0%B5%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B0,%20%D0%A1%D0%BB%D1%83%D0%B6%D0%B1%D0%B5%D0%BD%20%D0%B2%D0%B5%D1%81%D0%BD%D0%B8%D0%BA%20%D0%B1%D1%80.%2087-2013.pdf пристапено на 15.09.2017

> „Здравствената установа за вршење на прекинување на бременоста е должна... да организира задолжително советување... на бремената жена и нејзиниот брачен другар, односно старател, за штетноста од прекинувањето на бременоста по здравјето на жената и нивно запознавање со можностите и методите за спречување на бременоста.[42]

Со ова практично и се ограничува, или во најмала рака и се усложнува можноста на бремената жена сама да одлучува по однос на раѓањето деца.

Ваков каков што е Законот за прекинување на бременоста беше донесен во јуни 2013 година, без притоа да се организира каква било дебата или расправа во која ќе беше вклучена целокупната јавност во Македонија. Да не заборавиме дека репродуктивните права се уставна категорија[43] и никој не може да одлучува за нивно ограничување или загрозување. Пред да се донесе овој закон претходеше интензивна медиумска кампања спонзорирана токму од Владата на Република Македонија, под наслов „Избери живот, имаш право на живот". Имено, во 2009 година, Владата на РМ отвори јавен повик за снимање видеореклами со кои ќе се објаснат последиците и ризиците од абортусот. Притоа за кампањата се наведени три цели, кои ја покажуваат антиабортус позицијата. Целите се: да се информира дека живиот организам се формира во телото на мајката, да се укаже на здравствените компликации и последици што настануваат по абортусот, како и да се покаже дека раѓањето деца е најубавото нешто што може да му се случи на човек. Кампањата опфаќаше шест видеоспота, кои имаа за цел да ги прикажат ризиците и последиците од постапката за прекинување на бременоста. Спотовите беа насловени како: Млади, Аргументи, Родител, Фетус,

---

[42] Ibid .стр.8

[43] Устав на РМ. Член 41, достапно на http://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/UstavnaRmizmeni.pdf пристапено на 15.09.2017

Бетовен и Богатство. Овие видеоспотови уште имаа за цел да покажат дека живиот организам, односно човечкиот живот почнува уште додека фетусот е во утробата на мајката, па оттука абортусот значи убиство на живо суштество. Исто така, пораката што се праќаше до јавноста со овие спотови беше дека бременоста и децата се благослов, а абортусот е погрешен избор и дека последиците од абортусот ја загрозуваат здравствената и психичката состојба на жената.

Донесувањето на Законот за прекинување на бременоста, како и видеокампањата под покровителство на Владата на РМ поттикнаа неколку здруженија да прават истражувања и анализи за тоа дали и колку беше потребно да се донесе Законот со ваква содржина, и кое е мислењето на јавноста по прашањето на абортусот. Едно од подобрите истражувања е тоа што го правеа здруженијата ХЕРА и ЕСЕ, во кое го испитуваа мислењето на граѓаните и на гинеколозите за абортусот како постапка за прекинување на бременоста, влијанието на видеорекламите врз ставовите на луѓето и секако мислењето на гинеколозите за Законот за прекинување на бременоста. Резултатот од ова нивно истражување покажува дека 67% од испитаниците сметаат дека жената треба самостојно да донесе одлука за абортус, 39%од испитаниците ја осудуваат жената што направила абортус, а дури половина од нив (испитаниците) биле на возраст од 15 до 24 години. Нивното истражување покажало дека кампањата „Избери живот, имаш право на живот" имала гледаност од 61%, а 63% од испитаниците што ја гледале рекламата се согласуваат со пораките што таа ги испраќа. Исто така, значаен е резултатот од 76% гинеколози што сметаат дека абортусот е слободен избор на жената, а 71% од гинеколозите сметаа дека новиот закон ќе го отежни пристапот до абортус.[44]

---

[44] Биљана Угуровска, *По четиригодишната кампања: ставови кон абортусот меѓу општата популација и гинеколозите во Македонија*. (Скопје: Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација и истражување, 2013) достапно на http://hera.org.mk/wp-content/uploads/2013/11/istrazuvanje_kampanja.pdf пристапено на 03.08.2017

## 2.8. Улогата на медиумите во кампањите за абортус

Медиумите претставуваат значаен сегмент во целокупните активности на човекот. Преку нив луѓето комуницираат, примаат и испраќаат информации, остваруваат социјализација, рекламираат производи и услуги, а токму поради нивната широка консумација имаат голема улога во креирањето на ставовите, погледите, системот на вредности, стилот на живот, како и желбите на луѓето. Медиумите во денешно време станаа главен агенс на социјализацијата. Тие често сервираат готови модели на однесување, како и склоп на морални и социјални вредности за одредени општествени прашања.

Телевизијата, како најшироко распространет медиум, игра голема улога во секојдневието на луѓето, токму поради моќта да врши јавна пропаганда. Нејзина голема предност е можноста да пренесе порака до широкиот аудиториум. Токму затоа, големите компании своите производи и услуги ги рекламираат на телевизија преку одлично склопени рекламни спотови. Исто така, сведоци сме на бројни политички кампањи и партиски промоции, кои се одвиваат токму преку социјалните медиуми, телевизијата пред сè. Меѓутоа телевизијата се покажа и како важна алатка за промовирање владини проекти, реформи и кампањи. Во овој контекст, не секогаш се зборува за позитивно влијание врз луѓето, директно или индиректно, туку често станува збор и за вешта манипулација со чувствата и со ставовите на луѓето. Кога зборуваме за промовирање владина политика, тогаш секако мислиме на промовирање политика само на една партија или партиска коалиција што ја претставува владата. Исто така, таквата политика може да биде заложба само на одредена групација луѓе и да застапува интереси само на одреден процент од народот, без притоа да се стави на вага тежината и сериозноста на проблемот што се третира. Таков е случајот со кампањата „Избери

живот, имаш право на живот", која Владата на Република Македонија со пари од државниот буџет ја спроведуваше во период од 4 години. Владата пропагираше политика, која беше против абортусот, и практично ја злоупотреби своја положба и моќ, а и државниот буџет, па потроши речиси 3 милиони евра застапувајќи сопствени убедувања без мислење и став на засегнатите страни – жените. Ова е еклатантен пример за доминација на политиката врз медиумите, печатените и електронските подеднакво. Ова е пример за тоа како позицијата на моќ ја обезбедува и привилегијата за користење на медиумскиот простор за цели, кои се резултат на желбите и идеологијата на еден политички субјект. Бранејќи ја позицијата на конзервативна партија со демохристијанска идеологија, ВМРО-ДПМНЕ водеше пропаганда за многудетни семејства, а против абортусот. Се разбира дека политичката партија што е на власт ги брани своите идеологии, меѓутоа треба да се има предвид и тоа што постои друг дел од населението, кои не ги поддржуваат владините идеологии, а кога станува збор за многу чувствителна тема, како што е абортусот, не треба да се злоупотребува медиумот за нивна пропаганда. Во прилог на тоа, вреди да се спомене дека и Извештајот на Европската унија за напредокот на Република Македонија, во кој како забелешка во глава 2. Политички критериуми, наслов 2.2. Човекови права и заштита на малцинствата стои:

> „Постои индиректна државна контрола врз медиумската продукција преку владини реклами и фаворизирани медиуми од Владата (и кон кои е наклонет*а)".*[45]

---

[45] *Извештај на Европската унија за напредокот на Република Македонија за 2014 година*, доставен до Собранието на РМ од страна на заменик-престедателот на Владата задолжен за европски прашања д-р Фатмир Бесими. Октомври 2014. Стр. 14, Достапно на http://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2013/11/Izveshtaj-na-Evropskata-komisija-za-napredokot-na-Republika-Makedonija-za-2014-08.10.2014.pdf пристапено на 05.11.2017

# III. ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ

## 3.1. Истражувачка тема

Владината кампања „Избери живот, имаш право на живот", која се одвиваше во периодот од 2009 до 2014 година, опфаќаше телевизиско рекламирање на шест видеоспота. Секој од овие спотови имаше свој наслов: Млади, Аргументи, Родител, Фетус, Бетовен и Богатство и секој од нив содржински се разликуваше. Содржинската разлика подразбира и разлика во пораката што ја испраќа видеорекламата, но суштината на сите е исполнување на трите зацртани цели на владата: да покаже дека човечкиот живот почнува во телото на мајката, па оттука абортусот значи убиство; да покаже дека абортусот сам по себе повлекува низа здравствени компликации и секако да покаже дека децата се благослов и затоа не треба да се абортираат. Ќе биде класичен стереотип ако спотовите (реклами, медиумски пораки, едукативни содржини) во старт се прогласат за добри или лоши. Тие, сепак, се само алатки во комуникацијата со целните публики, но, исто така, неспорен е фактот дека можат да бидат употребени на добар или на лош начин. Во секој случај, доколку ја надминат границата на информирање и прејдат во промоција на некоја културолошка матрица, дури и пропаганда, можат да извршат влијание врз поединецот или семејството, злоупотребувајќи ја сексуалноста, насилството и други природни или општествени појавни форми, до степен на промена на ставовите. Притоа може да имаат јасна или скриена цел, да ја сменат или да ја уништат слободата и природното право на одлука и на индивидуалност во одлучувањето.

### 3.2. Основни истражувачки прашања

Основните истражувачки прашања на овој труд се:

1. Кога почнува човечкиот живот: во матката на мајката, веднаш по породувањето или подоцна?
2. Дали е потребно легализирање на абортусот како постапка за прекинување несакана бременост и како тоа нема да навлегува во основните човекови слободи и права?
3. Дали медиумите имаат моќ да влијаат врз мислењето и ставовите кај луѓето?
4. Дали медиумите се алатка на владините политики?
5. Дали антиабортус кампањата успеа да им го смени ставот на луѓето од една урбана средина како што е Општина Карпош?
6. Какви пораки до населението пратија видеоспотовите од кампањата „Избери живот, имаш право на живот"?
7. Какви емоционални последици предизвика кампањата кај населението?

### 3.3. Метод на истражување

Со цел да се одговори на прашањата од истражувањето во овој труд користен е моделот на квалитативно истражување, при кое податоците се

собираат по пат на истражување со фокус-групи. Избран е моделот на истражување со две фокус-групи и тоа 1) група жени на возраст до 25 години и 2) група жени на возраст од 25 до 50 години. Секоја група ја сочинуваа жени со исто или слично ниво на образование, вработени, кои потекнуваат од иста или слична средина и животни услови, имаат сличен животен стандард. Постапката за работа со фокус-групата почнуваа најпрво со гледање на видеоспотовите од кампањата, а потоа се пополнува прашалник што содржи прашања врзани со ефектите од рекламите врз нивниот став за абортусот. На крај следи дискусија. Од обработката на прашалниците се изготвува извештај, во кој ќе се содржат одговорите на горенаведените истражувачки прашања.

### 3.4. Содржина на видеоспотовите и нивните пораки

Кампањата ја сочинуваа 6 рекламни спота со различни наслови и пораки. Секој од нив прикажуваше факти и аргументи во полза на раѓањето, на многудетните семејства. Некои од нив испраќаа пораки, кои сериозно влијаеја врз психата на жените, кои во кој било период од својот живот и од кои било, за нив оправдани причини, извршиле абортус.

Првиот спот насловен како „Млади" претставува двајца млади, кои дознаваат дека ќе станат родители. И покрај фактот што за одгледување на бебето сметаат на помош од родителите, тие, сепак, се радосни затоа што повеќе нема да се сами... ќе имаат бебе. Пораката што се испраќа овде е дека децата се благослов и дека секоја бременост треба да заврши со раѓање.

Вториот спот е со наслов „Аргументи", прикажува сцени од мало бебе, кое гуга, цица и се гали со мајката. Во заднина оди текст кој зборува за последиците од абортусот, како инфекции, сепса и други можни компликации. Пораката што

овде се испраќа е дека абортусот предизвикува сериозни физички и психолошки заболувања.

Во третиот спот „Родител" прикажан е маж, кој поминува лош ден, нема успех на риболов, се кара со сите, покажува агресија и нервоза, но на крајот од денот, тој има дете што ќе го прегрне. Пораката што овде се испраќа е дека човекот, каков и да е, лош, алкохоличар, агресивец... не е важно, важно е дека е родител!

Четвртиот спот „Фетус" претставува краток филм, со неколку слајда, на кој се испишуваат фазите од развојот на фетусот. Во третата недела појава на срцева реакција, петта недела појава на мозочна реакција, шеста недела фетусот чувствува болка, седма недела почеток на респирација, а веќе осмата слухот. Сето тоа има за цел да разбуди сериозни дилеми и грижа на совест кај бремените жени што се одлучуваат за абортус, во смисла на прекинување на животот што почнал во нивното тело. Пораката е јасна, абортусот е убиство.

Во петтиот спот „Бетовен" се зборува за Лудвиг ван Бетовен, познат композитор. Иако татко му бил алкохоличар, а мајка му болна од сифилис, сепак тие го родиле него, па благодарение на тоа ние денес ја имаме „Одата на радоста". Дали доколку Бетовен бил абортиран, Европа ќе имаше проблем да избере своја химна!? Пораката од овој спот е дека абортусот задолжително подразбира убиство на човек, и тоа на потенцијален врвен музичар или научник.

Шестиот спот „Богатство" прикажува животен пат на еден инвеститор, исклучително богат човек, кој речиси целиот свој живот работел и стекнувал пари. Во моментот кога ги губи сите пари, тој сфаќа дека единственото богатство што еден човек може да го има се неговите деца и семејството. Пораката што ни ја испраќа видеоспотот е дека богатство се децата, а не материјалното по кое се стремат луѓето. Оваа реклама ги поттикнува семејствата да имаат што повеќе деца затоа што само на тој начин ќе бидат навистина богати и среќни.

Гледањето на видеоспотовите, кои се дел од владината кампања „Избери живот, имаш право на живот" кај сите испитанички предизвика бурни реакции, особено спотот во кој се нагласуваат можните компликации и несакани последици од абортусот. Прикажувањето на абортирањето како убиство на мало живо суштество, кое само што почнало да дише и да чувствува болка, предизвика остри критики. Толку сензитивни теми не се прифатливи да бидат ставени во рекламен спот затоа што можат да побудат тешки психички состојби кај жените. Сите испитанички се сложни околу идејата и пораката дека децата се богатство и дека убаво е да се има многудетно семејство, но, сепак, семејство е и мајка и дете, и татко и дете. Прикажувањето среќни семејства и брачни двојки што очекуваат деца, ги повредува и на одреден начин ги дискриминира во поглед на среќниот семеен концепт, тие жени што одлучиле или се принудени да се грижат сами за своите деца.

### 3.5. Извештај од истражувањето

Истражувањето на влијанието на владината кампања е спроведено на територија на Општина Карпош од причина што Карпош се смета за репрезентативна општина за урбаното женско население во земјата, во состав на општината од демографски аспект доминира етничко мнозинство и различна религиска припадност. Имено, според официјалните податоци на Општина Карпош од 2008 година, во општината живеат 88,50 % Македонци, а другите се припадници на различни националности: Срби, Албанци, Турци, Власи, Роми, Бошњаци и друго[46]. Исто така, при истражувањето и изборот на испитаници се водеше особена претпазливост во поглед на застапеноста на различната возраст, степен на образование и социјалната состојба.

---

[46] http://www.karpos.gov.mk/page/naselenie

Истражувањето за влијанието на владината кампања врз населението во Општина Карпош се одвиваше во две фази: гледање на видеоспотовите од кампањата „Избери живот, имаш право на живот" и пополнување анкетен прашалник. Анализата на одговорените прашалници ги даде следните резултати:

Анкетниот прашалник содржи вкупно 12 прашања, од кои 6 се повеќе општи и дополнителни, додека другите 6 се прашања што се клучни за самото истражување. Во анкетирањето беа опфатени вкупно 24 жени, од кои 8 (33%) на возраст од 18 до 30 години, а 16 (67%) беа на возраст од 30 до 50 години.

***Графикон 1. Возраст на испитаници***




Во поглед на религијата, 21 испитаничка се припаднички на христијанската религија, една муслиманка, една од католичка вероисповед и една со одговор на друга религиска припадност.

***Графикон 2. Религиска припадност***




На прашањето: дали сметате дека правото на живот на фетусот е посилно од правото на избор на жената? – 17 испитанички или 71% се изјасниле дека правото на жената на избор е посилно од правото на фетусот на живот. Четири испитанички на прашањето сметаат дека правото на живот на фетусот е посилно од правото на жената на избор. Од нив двете се христијанки на возраст од 30 до 50 години, третата е муслиманка на возраст од 18 до 30 години, која уште смета дека жената не може сама да донесе одлука за абортус, туку дека за тоа треба да донесат одлука партнерите (сопругот). Четвртата испитаничка, која смета дека правото на живот на фетусот е посилно од правото на жената на избор, е од католичка вероисповед и има став за осуда кон жената што извршила абортус. Таа се изјаснила и дека ѝ се допаѓаат пораките што се праќаат преку видеоспотовите, а особено таа што вели дека не смеат да се прават абортуси.

***Графикон 3. Дали сметате дека правото на живот на фетусот е посилно од правото на мајката на избор***




Едно од поважните прашања во анкетата е прашањето дали жената треба сама да одлучи за абортус. Седумдесет и еден отсто, или 17 испитанички одговориле дека тоа е право на жената додека другите сметаат дека одлуката за абортус е заедничка, односно дека за тоа треба да одлучат двајцата партнери. Од шесте испитанички што одговориле дека абортусот е заедничка одлука, пет се од возрасната категорија од 30 до 50 години и сите се православни христијанки, додека шестата е на возраст од 18 до 30 години и е припадничка на муслиманската вероисповед.

***Графикон 4. Дали жената треба сама да одлучи за абортус***



Сите испитанички се единствени во ставот за неосудување на жената што извршила абортус и сите се свесни за можните несакани последици од него, како што се неплодност и инфекции.

Во поглед на клучното прашање врзано со видеоспотовите од кампањата „Избери живот, имаш право на избор", 42% или 10 испитанички одговориле дека им се допаѓаат пораките од спотовите, 25% или 6 испитанички одговориле негативно, додека 33% или 8 испитанички на прашањето одговориле со не знам. Овде доаѓаме до многу интересен заклучок дека иако испитаничките се pro-choice ориентирани, сепак пораките од видеоспотовите им се допаѓаат. Тоа значи дека жените што веруваат во неприкосновеноста на правото на жената да одлучува за своето право, не сметаат дека пораките ги загрозуваат нивните права. Кампањата ја прифаќаат како позитивна, но таа не предизвикува кај нив особено чувство на вина или срам.

***Графикон 5. Дали Ви се допаѓаат пораките што ги праќаат видеоспотовите од кампањата***




Сите испитанички ги разбрале пораките што се пратени преку спотовите. На сите им е јасно дека кампањата има за цел да прикаже дека децата се благослов, а абортусот е грев, меѓутоа дури 88% или 21 испитаничка се изјасниле дека овие

видеоспотови и целата кампања не влијаат врз нивниот став за абортусот. Другите 12% или 3 испитанички се изјаснија дека рекламите им го менуваат ставот. Две од нив се на возраст од 30 до 50 години, христијанки и се со различни ставови за прашањето кој треба да одлучи за абортусот. Третата од нив е млада, на возраст од 18 до 30 години, од католичка вероисповед, и е против абортусот осудувајќи ги жените кои го направиле тоа.

***Графикон 6. Дали рекламите влијаат врз ставот за абортус***




Во текот на дискусијата беше детално разработен и новиот закон за прекин на бременоста и сите испитанички се сложни во одговорот дека со новиот закон се усложнува самата постапка за абортус и дека таа негативно се однесува врз физичкото и менталното расположение на бремената жена.

Во прилог на ова истражување оди и извештајот од истражувањата на родовите прашања и прикажувањето и претставувањето на жените и мажите во програмите на радиодифузерите во 2013 година[47], во кој посебен акцент се става на стереотипно машката доминантна улога во семејството, како и на патријархалните вредности присутни во кампањата на Владата на РМ „Избери

[47] *Извештај од истражувањето за родовите прашања и прикажувањето и претставувањето на жените и мажите во програмите на радиодифузерите за 2013 година* спроведен од Институтот за општетсвени и хуманистички истражувања – Скопје, достапно на http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/raport_2013.pdf пристапено на 13.11.2017

живот, имаш право на живот". Во нивниот извештај стои дека во спотовите главно мажот е тој што треба да биде убеден дека не треба да се абортира, па девојката му се обраќа со зборовите: „*чувствувам дека ќе биде машко и ќе биде исто како тебе*" [48] притоа алудирајќи и на најчесто посакуваниот пол. Дискриминацијата овде е повеќе од очигледна, а трагедијата е што таа произлегува од кампања финансирана од народни пари, консумирана од широките народни маси, а, сепак, фаворизира само околу половина од популацијата за сметка на другата (женска) половина.

Истражувањето покажува дека медиумите имаат моќ да испратат силни пораки до народот и дека имаат моќ да влијаат врз ставовите, размислувањата и однесувањата на помладата генерација особено. По прашањето на абортусот, помладата генерација од Карпош покажува поконзервативно размислување, за разлика од повозрасната категорија жени. Помладите се во фаза на градење животни стилови и погледи, па кај нив влијанието од околината и медиумите е мошне посилно. Повозрасните жени имаат веќе оформено став за абортусот, најчесто поради личните искуства, па кај нив влијанието на видеоспотовите е незначително. Токму од нивната дискусија може да се извлече заклучокот дека абортусот е многу интимна работа и мешањето на политиката и медиумите во нивно одобрување или забранување е преседан. Толку чувствителни теми не смеат да бидат предмет на реклама.

---

[48] Ibid , стр.22

# IV. ЗАКЛУЧОК

Целокупниот труд, теорискиот и истражувачкиот дел доведоа до неколку главни заклучоци. Најпрво, историските податоци покажуваат дека абортусот како практика постоел од секогаш. Откако луѓето постојат и општат, потребата за прекинување на несаканата бременост постои и таа се изведувала на повеќе начини, почнувајќи од користење разни тревки, природни и механички методи, па сѐ до употреба на хемиски супстанции и медицински интервенции. Афирмацијата на абортусот како важно општествено прашање го става и во фокусот на филозофските, медицинските и етичките дискусии и добива третман на есенцијално човеково право. Дебатата во врска со правото на жената на избор и правото на фетусот на живот се чини дека никогаш нема да заврши затоа што секогаш ќе биде актуелна и секогаш ќе има силни застапници од двете страни. Прашањата за правото на живот и правото на избор, кога станува збор за абортус, никогаш не се затвораат затоа што претставуваат големи метафизички теми. Од особена важност е при овие дебати и дискусии, сите жени и сите активисти и поддржувачи на родова еднаквост да го форсираат аргументот на женските човекови права и неприкосновеното право на жената да одлучува за себе и за сопственото тело.

Ставањето на абортусот во правните рамки и легислативниот систем на државите е императив во секое општество, но мешањето на религијата, конзервативизмот и политичките идеологии во самиот процес на озаконување, во голема мера може да значи и несакано интервенирање во нешто што се смета за лично и интимно право. Уште полошо е кога таквото интервенирање, со цел застапување на став кој подразбира „чепкање по туѓо тело", е дел и од политички идеологии и телевизиски кампањи, каков што беше примерот со Владата на РМ и кампањата „Избери живот, имаш право на избор".

Овој магистерски труд, исто така, имаше за цел да укаже и на тоа дека телевизијата и медиумите воопшто, имаат огромна моќ да влијаат врз креирањето ставови кај луѓето. Видовме дека сите ги гледале видеоспотовите и јасно ги прочитале пораките испратени преку нив, а кои значеа застапување став против абортусот. Сите се свесни за тоа дека децата се благослов и дека се среќа за семејствата, и дека начинот на кои таквите ситуации беа претставени во видеоспотовите многу лесно продира во свеста на секој што ги гледа. Тоа може да доведе до создавање конфузија, дилема, но и сериозна внатрешна борба и грижа на совеста на сите што во одреден период од животот извршиле или дале согласност за абортус. Правото на избор, правото на живот по сопствено убедување е право на секој човек што е свесен за своето постоење и разумно и согласно своите потреби и стил на живот носи одлуки за себе. Ставањето на билборд или во телевизиска кампања, прашање кое исклучително ја засега женската популација бидејќи подразбира интервенирање во женското тело, е во најмала рака дискриминација, понижување и повредување. Политичарите, законодавната и извршната власт, во која било држава, мора да се држат до политиките што се за општо добро на сите граѓани.

**Користена литература**


1. Adler, N. "*Unwanted Pregnancy and Abortion: Definitional and Research Issues,*" *Journal of Social Issues*. 1992

2. Алкорн, Ренди. *Право на живот*. Београд: Сотериа. 2009

3. Baird, Robert M. and Stuart E. Rosenbaum. *The Ethics of Abortion: Pro-life vs. Pro-choice*. Buffalo, New York: Prometheus Books. 1989.

4. Bennett, Philip W. *A Defence of Abortion: A Question for Judit Jarvis Thomson. Philosophical Investigations*. Vol. 5. 1982.

5. The Boston Women's Health Book Collective, Our Bodies, Ourselvese: For the New New Century. New York: Simone & Shuster, 1998 available on http://www.feminist.com/resources/ourbodies/abortion.html accessed on 10.08.2017

6. Cohen, Marshall, Thomas Nagel, and Thomas Scanlon, ed. *The Rights and Wrongs of Abortion*. Princeton: Princeton University Press. 1974.

7. Crome, Keith. *Is Peter Singer`s Utilitarian Argument about Abortion Tenerable*. Ricmond Journal Philosophy 17 Spring 2008 available on http://ashtonc.ca/debate/matter/Abortion_Untenable-Keith-Krone.pdf accessed on 01.08.2017

8. Chodorow, Nancy. *The Reproduction of Mothering*. Berkeley: University of California Press. 1978

9. David, H., et.al. *Born Unwanted: Developmental Effects of Denied Abortion*. New York: Springer Pub. Co. 1988

10. Department of Reproductive Health and Research, World Health Organization. *Unsafe abortion: global and regional estimates of the incidence of unsafe abortion*

*and associated mortality in 2008*. Sixht edition. Published in 2011 available on http://www.who.int/reproductivehealth/publications/unsafe_abortion/9789241501118/en accessed on 01.10.2017

11. Darwin, Charles. *The Descent of Man, Selection in Relation to Sex*. New York: D. Appleton and Company, 1889 available on http://darwin-online.org.uk/converted/pdf/1889_Descent_F969.pdf accessed on 25.08.2017

12. Drezgic, Rada. *Istorija kontrole raganja u Srbiji: sprecavanje i/ili prekid trudnoce*. Centar za bioeticke studije, Univerzitet u Beogradu. 18.06.2016. available on http://www.sociologija.org/admin/published/2016_58/3/504.pdf accessed on 24.09.2017

13. Filipovic, Jill. *Why I`m pro-choice*. Everyday Feminism Magazine. December 3, 2012 available on http://everydayfeminism.com/2012/12/why-im-pro-choice accessed on 01.10.2017

14. Franz, W. & Reardon, D. "*Differential Impact of Abortion on Adolescents & Adults*," *Adolescence* 27(105):162-172.

15. Friedan, Betty. *The Feminine Mystique*. New York: The Norton & Company, 1963 available on https://nationalhumanitiescenter.org/ows/seminars/tcentury/FeminineMystique.pdf accessed on 10.10.2017

16. Garfield, Jay L. and Patricia Hennessey. *Abortion: Moral and Legal Perspectives*. Amherst: University of Massachusetts Press. 1984.

17. Henshaw, Stanly. *The Incident of abortion Worldwide*. International Perspective on Sexual and Reproductive Health Journal. Januari 19, 1999. available on https://www.guttmacher.org/journals/ipsrh/1999/01/incidence-abortion-worldwide accessed on 01.10.2017

18. Hern, W. *Abortion Practice*. Boulder, CO: Alpenglo Graphics, Inc. 1990

19. Извештај на Европската унија за напредокот на Република Македонија за 2014 година, доставен до Собранието на РМ од страна на заменик-претседателот на Владата задолжен за европски прашања д-р Фатмир Бесими. Октомври 2014. Достапно на http://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2013/11/Izveshtaj-na-Evropskata-komisija-za-napredokot-na-Republika-Makedonija-za-2014-08.10.2014.pdf пристапено на 05.11.2017

20. Извештај од истражувањето за родовите прашања и прикажувањето и претставувањето на жените и мажите во програмите на радиодифузерите за 2013 година спроведен од Институтот за општествени и хуманистички истражувања – Скопје достапно на http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/raport_2013.pdf пристапено на 13.11.2017

21. Kiesling, Rebecca. *Philosofical Abortion Essay*: *The right of the Unborn Child not to be Unjustly killed*. availale on http://www.rebeccakiessling.com/rebeccas-writings/philosophical-abortion-essay accessed on 05.09.2017

22. Klusendoorf, Scott. *Peter Singer`s Bold Defense of Infanticide*. Article ID:DD801. Christian Research Journal, Vol 23/Number 3 issue. available on http://www.equip.org/article/peter-singers-bold-defense-of-infanticide accessed on 25.08.2017

23. Konstantinovic-Vilic, Slobodanka I Petrusic, Nevena. *Zene, zakoni I drustvena stvarnost*. Knjiga Druga. Nis: Sven, 2010. Str.37 available on https://www.rodnaravnopravnost.gov.rs/sites/default/files/2017-02/Zene%20zakoni%20i%20drustvena%20stvarnost%20%20%20KNJIGA%202%20Petrusic%2C%20Konstantinovic%20Vilic.pdf accessed on 24.09.2017

24. Kurjak, Asim. *Abortus je prekid zivota, u to nema sumnlj, ali on mora biti legelan*. Slobodna Dalmacija, 05.07.2017 available on http://www.slobodnadalmacija.hr/novosti/hrvatska/clanak/id/472029/poznati-hrvatski-ginkeolog-asim-kurjak-abortus-je-prekid-zivota-u-to-nema-sumnje-ali-on-mora-biti-legalan accessed on 08.08.2017

25. Lewis, Jone Johnson.*Rousseau on Women and Education*. Updated 31 Januari 2017. ThoughtCo available on https://www.thoughtco.com/rousseau-on-women-and-education-3528799 accessed on 15.08.2017

26. Lisec, Ana. *Nevidljivo ubistvo*. Casopis "Mir Bozji" br. 1, 2000 godina. available on http://www.manastir-lepavina.org/vijest.php?id=14 accessed on 05.09.2017

27. Luker, Kristin. *Abortion and the Politics of Motherhood*. Berkeley: University of California Press. 1984

28. Misiric, Edita. *Iako je legalan, u Hrvatskoj je abortus I dalje tesko dostupan:istrazili smo kako se krsi zakon*! RTL televizija, Vjesti 26.02.2016 available on http://www.vijesti.rtl.hr/novosti/1934616/iako-je-legalan-u-hrvatskoj-je-abortus-i-dalje-tesko-dostupan-istrazili-smo-kako-se-krsi-zakon accessed on 20.08.2017

29. Mort, Frank. *Dangerous Sexualities. Medical-moral politics in England since 1830*. Second edition. London: Routledge. 2000. available on https://books.google.mk/books?id=XseEAgAAQBAJ&pg=PA176&lpg=PA176&dq=Walkowitz,+%E2%80%9EDangerous+Sexualities&source=bl&ots=Y-SXwaFi6o&sig=m5hZ9vJWl2i4k-siztfQGSIrSs4&hl=en&sa=X&ved=0ahUKEwicgqmWgsXXAhVDtBoKHS5lDQAQ6AEIPTAF#v=onepage&q=Walkowitz%2C%20%E2%80%9EDangerous%20Sexualities&f=false accessed on 08.08.2017

30. Mutohir, Ajadi. *Islamic Perspectives on Abortion*. Al Jumuah magazine. 20.11.2015. available on http://aljumuah.com/islamic-perspectives-on-abortion-ajadi-mutohir accessed on 28.09.2017

31. Paulus Ioannes PP II. *Evangelium Vitae To the bishops, priests, man and women religious lay Faithful and the people of God will on the Value and the Inviolability of Human Life*. available on http://w2.vatican.va/content/john-paul-ii/en/encyclicals/documents/hf_jp-ii_enc_25031995_evangelium-vitae.html accessed on 30.08.2017

32. Prayson, Daniel. *Assessing Thomson`s Defense of Abortion*. Whit All I Am. Published August 19, 2013. available on https://withalliamgod.wordpress.com/2013/08/19/assessing-thomsons-defence-of-abortion accessed on 07.08.2017

33. Phillips, Anne. *Our Bodies, Whose Property?* Princeton: Princeton University Press. 2013.

34. Sacred Congregation for the Doctrine of the Faith. *Declaration on Abortion* (Publication No. V-365) Washington: United States Catholic Conference, Office of Publishing Services 1974.

35. Satz, Debra, "*Feminist Perspectives on Reproduction and the Family*", *The Stanford Encyclopedia of Philosophy* (Winter 2013 Edition), Edward N. Zalta (ed.) available on https://plato.stanford.edu/entries/feminism-family accessed on 01.08.2017

36. Saunders, William. *The Catholic church and abortion. The Church has always condemned abortion*. Published on Catholic News Agency, 22.01.2004 available on http://www.catholicnewsagency.com/resources/abortion/catholic-teaching/the-catholic-church-and-abortion accessed on 30.08.2017

37. Службен весник на Социјалистичка Република Македонија бр. 49 од 28 декември 1974 година достапно на http://www.slvesnik.com.mk/Issues/584FC81FA866433786C2943EC3973549.pdf пристапено на 15.09.2017

38. Sluzben vesnik RS br. 16/95 I 101/2005 I dr.zakon. available on http://www.paragraf.rs/propisi/zakon_o_postupku_prekida_trudnoce_u_zdravstvenim_ustanovama.html accessed on 24.09.2017

39. Singer, Peter. *Practical Ethics*.. . Cambridge University Press. 1993. Pp.136 available on http://www.stafforini.com/txt/Singer%20-%20Practical%20ethics.pdf accessed on 05.08.2017

40. Стојшин, Снежана. *Абортус: Друштвени аспект и могучности његовог истраживања*. Нови Сад: Школска књига. 2008

41. Sheldon, Pavica. *Social media. Principles and Aplications*. London: Lexington Books. 1980

42. Tolley, *Michael. Abortion and Infanticide.* Philosophy and Public Affairs, Vol.2, No.1 (autumn 1972) Blackwell Publishing pp.37-65 available on https://eclass.uoa.gr/modules/document/file.php/PPP504/Michael%20Tooley,%20Abortion%20and%20infanticide.pdf accessed on 05.08.2017

43. Thomson, J. Judith. *A defence of Abortion, Philosophy & Public Affairs* I, no. I (Fall 1971) available on http://spot.colorado.edu/~heathwoo/Phil160,Fall02/thomson.htm accessed on 05.08.2017

44. Tribe, Laurence H. *Abortion: The Clash of Absolutes*. New York: W. W. Norton & Company, 1990.

45. Tietze C, Henshaw. *Induced Abortion: A World Review*. New York: The Guttmacher Institute. 1986

46. Угуровска, Биљана. *По четиригодишната кампања: ставови кон абортусот помеѓу општата популација и гинеколозите во Македонија*. Скопје: Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација и истражување, 2013 достапно на http://hera.org.mk/wp-content/uploads/2013/11/istrazuvanje_kampanja.pdf пристапено на 03.08.2017

47. Устав на РМ. Член 41. Достапно на http://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/UstavnaRmizmeni.pdf пристапено на 15.09.2017

48. Hina. *Ustavni sud odbio zahtjev za zabranu pobacaja!Nalozili Saboru da u roku od dvije godine donese zakon o pobacaju*. (Jutarnji.hr. 02.02.2017). available on https://www.jutarnji.hr/vijesti/hrvatska/ustavni-sud-odbio-zahtjev-za-zabranu-pobacaja-nalozili-saboru-da-u-roku-od-dvije-godine-donese-novi-zakon-o-pobacaju/5706323 accessed od 15.08.2017

49. Zubak, Marija. *Abortus u 19 stoljecu*. 2014. Available on https://hrcak.srce.hr/file/209618 accessed od 15.08.2017

**Прилог: Анкетен прашалник**

АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК

1. На која возраст сте:
    - 18-30
    - 30-50

2. На која религија сте припадник:
    - Христијанска
    - Муслиманска
    - Католичка
    - Друго

1. Дали сметате дека правото на живот на фетусот е посилно од правото на избор на жената:
    - Да
    - Не
    - Не знам
2. Дали жената треба сама да одлучи за абортусот:
    - Да
    - Не

3. Ако одговорот е НЕ, тогаш наведете кој треба да ја донесе одлуката за абортус.

4. Дали ја осудувате жената што извршила абортус:
    - Да
    - Не
5. Дали сметате дека абортусот е ризичен по здравјето на жената:
    - Да
    - Не
6. Наведете неколку последици од абортусот кои вас ви се познати:

___

7. Дали Ви се допаѓаат пораките што ги праќаат видеоспотовите од кампањата „Избери живот, имаш право на живот"?

- Да
- Не
- Немам одговор

8. Наведете некоја од пораките што ги разбравте од видеоспотовите:

___

___

___

9. Дали рекламите влијаат врз вашиот став за абортусот:
    - Да
    - Не

10. Дали сметате дека со новиот Закон за прекинување на бременоста се усложнува постапката за абортус и наведете зошто:

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________